Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 02-17/1
01.11 2024 год.
СКОПЈЕ

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

AUE FON

AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

**БР. 2-2024/2025**

**Скопје, 01.11.2024**

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно - уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02 - применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - друго (дизајн - мултимедија), на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН..........................................................................................33

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа 6.04.00.02- применета уметност и дизајн и 6.04.00.08- друго (моден дизајн), на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје ..............................................................................................................................37

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа 6.04.00.02- применета уметност и дизајн и 6.04.00.08- друго (моден дизајн), на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа – ФОН, Скопје.....................................53

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО - УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ, ОД ОБЛАСТИТЕ: 6.04.00.02 - ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН И 6.04.00.08 - ДРУГО (ДИЗАЈН - МУЛТИМЕДИЈА), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

Врз основа на конкурсот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 05.09.2024, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Дизајн - мултимедија), и врз основа на Одлуката на Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, донесена на 24.09.2024, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. м-р. Игор Шокаровски, претседател, проф. м-р Роберт Јанкуловски, член и проф. д-р Марија Ветероска, член.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Дизајн - мултимедија), во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. м-р Марко Ружин.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на неговата научна, стручна и педагошка дејност, Рецензионата комисија има чест да го достави следниот

# И З В Е Ш Т А Ј

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

М-р Марко Ружин е роден на 4 јуни 1991 година во Скопје. Основно и средно образование изучувал во странство под повеќе култури и јазични влијанија (Париз, Брисел, Мадрид), а четвртата година од средното образованија ја довршува во NOVA International School Skopje. Од 2009 година е студент на Факултетот за дизајн и мултимедија на Универзитетот ФОН. Дипломирал во 2012 година, при што се стекнал со звањето Дипломиран дизајнер.

Вториот циклус студии го завршува на Факултетот за дизајн и мултимедија на Универзитетот ФОН во 2016 година, со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Влијанието на јапонизмот и јапонската традиционална култура врз европската уметност и дизајн“ под менторство на проф. м-р Игор Шокаровски, и се здобил со звањето Магистер по дизајн – мултимедија.

Во 2018 година се запишува на третиот циклус на студии - Докторските студии при Факултетот за драмски уметности (ФДУ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Докторскиот труд со наслов: „Процес на развој на краткометражен документарен филм од жанрот научна фантастика“ и поднаслов „Патување во времето и паралелните светови во кинематографијата“, од менторство на проф. д-р Антонио Митриќески и ко-менторство на проф. д-р Ана Стојаноска, е во крајна фаза (доставена е одлука за изборот на рецензентска комисија).

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

М-р Марко Ружин во текот на студиите од втор циклус, односно во 2015 година, е вклучен во наставниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија како демонстратор.

Во 2016, е избран за асистент на истиот факултет.

Во 2019, е избран за доцент по стручно уметнички предмети од областа Друго (Дизајн-мултимедија) – 60712.

Во периодот на изминатите 5 години активно е вклучен во наставниот процес на прв и втор циклус, со предметите од областа на мултимедијата: Основи на анимација, Основи на 3д моделирање, Компјутерски алатки, Мултимедија 3, Мултимедија 4, 3Д моделирање, 3Д моделирање 1, 3Д моделирање 2, Анимација, Сториборд, Движечка графика, UI/UX дизајн, Web дизајн, Мултимедија напредно ниво 1, Мултимедија напредно ниво 2.

М-р Марко Ружин бил ментор на 10 дипломски работи и 2 магистерски трудови. Бил претседател и член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови.

Активно учествувал во активностите на факултетот и универзитетот, организација и реализација на завршните изложби, како и уредување и одржување на веб страната на Студентската изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (auefondesign.com) итн.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Во својот научно-истражувачки опус во изминатиот период м-р Марко Ружин ги има објавено следниве научни трудови во рецензирани научни списанија:[1]

Ruzin, M. Time travel and parallel worlds in cinematography. SCIENCE INTERNATIONAL JOURNAL VOL.II.2, ISSN 2955 – 2036, ISSN 2955 – 2044, Skopje, 2023.

Ruzin, M. The cinematography and science fiction of time travel. KNOWLEDGE INTERNATIONAL JOURNAL VOL.63, NO.5, ISSN 2545 – 4439, ISSN 1857 – 923X, UDK 37, Skopje, 2024.

Ruzin, M. The craft of motion design in the 2020s. International Journal of Social Sciences “VIZIONE“, ISSN: 1409 - 8962, ISSN 1857 – 9221, Скопје, 2022

Ruzin M. Parallel universes. International Journal of Social Sciences “VIZIONE“, ISSN: 1409-8962, ISSN

[1] 4 репрезентативни референци од категорија 8

1857- 9221, Скопје, 2023

**УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ**[2]

Меѓународна конференција на ECPD, -European Center for Peace and Development- University of UN - Young People and Today's Great Challenges - The Art of the Masses, Belgarde, 22-24 October 2023

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ**

2023, Галерија Ко-Ра Скопје, „FUTURA 3D | 3д форми и светлосни ефекти во симулиран простор“[3]

**МУЛТИМЕДИЈАЛНИ И ДИЗАЈН РЕШЕНИЈА**

The 24th Japan Media Arts Festival-Japan Media Arts Festival
Уникатен код на делото: AD001972 Сеиски код: 0000000019729
Уметничка категорија – графичка уметност (вклучува и фотографии)[4]

Наслов на дело: Изанаги влегува во подземниот свет „Јоми“ (јапонски фолклор)
Име на авторот: RUZIN Marko, делото е примено: c/o Nikko Graphic Arts Co. Ltd 12-2 Ryutsu Center, Aoi-ku, Shizuoka-city, Shizuoka, Japan[5]

2021, „Грдиот“, Театар Комедија Скопје, анимација: Марко Ружин[6]

2019, Дизајн на корица на книгата „European Idea and Balkan Iconography”, ECPD-Belgrade

2020, Дизајн на корица на книгата „Европска идеја и Балкански иконографии“, издавач Каелес

2021, Дизајн на корица на книгата “Современи Иконографии“, издавач Каелес

2022, Дизајн на корица на книгата “Балкански иконографии“, издавач Каелес

2023, Дизајн на корица на книгата “Les Iconographies Balkaniques” ECPD[7]

## ЗАКЛУЧОК

Доцент . М-р Марко Ружин ги исполнува условите и критериумите за избор согласно Законот за високо образование, како и Репрезентативните референци за избор во наставно-научни звања по стручно-уметничките предмети од член 10 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и

[2] 1 репрезентативна референца од категорија 4
[3] 1 репрезентативна референца од категорија 1
[4] 1 репрезентативна референца од категорија 5
[5] 1 репрезентативна референца од категорија 5
[6] 1 репрезентативна референца од категорија 3
[7] 5 репрезентативни референци од категорија 3

соработнички звања на Американскиот Универзитет во Европа - ФОН, Скопје од 02.07.2019 година, за избор во звањето вонреден професор (појаснување: За вонреден професор може да биде избрано лице кое исполнува минимум 7 референци од наведената листа од 3 различни категории). Односно, во годините од последниот избор, м-р Марко Ружин реализирала вкупно 14 репрезентативни референци од 5 категории: 1, 3, 4, 5 и 8 (1 репрезентативна референца од категорија 1, 6 репрезентативни референци од категорија 3, 1 репрезентативна референца од категорија 4, 1 репрезентативна референца од категорија 5 и 4 репрезентативни референци од категорија 8).

М-р Марко Ружин прикажува особен развој во проширувањето на полето на својот интерес во областа на мултимедијата и дизајнот. Неговата посветеност и фокус се забележителни во авторското творештво, во истражувачкиот домен и во активностите насочени на едукација и поддршка на студентите.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација и личното познавање на кандидатот, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-уметничката и апликативна дејност, на кандидатот м-р. Марко Ружин. Врз основа на изнесените податоци за активностите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Марко Ружин поседува научни и стручно-уметнички квалитети и ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор по стручно-уметнички предмети, од областите 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Дизајн - мултимедија). Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје, **м-р Марко Ружин да биде избран во звањето вонреден професор по стручно-уметнички предмети, од областите 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Дизајн - мултимедија).**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. проф, м-р Игор Шокаровски, претседател

2. проф. м-р Роберт Јанкуловски, член

3. проф. д-р Марија Ветероска, член

# РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА 6.04.00.02- ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН И 6.04.00.08- ДРУГО (МОДЕН ДИЗАЈН), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Американски универзитет на Европа - ФОН објавен во весникот „Нова Македонија" на 05.09.2024.година, за избор на двајца наставници, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од научните области: 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн) , и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје, донесена на 24.09.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. м-р. Александар Рашковиќ – председател; проф. м-р. Маја Ѓуреска – член; и проф. м-р. Милош Милосављевиќ – член.
На објавениот конкурс за избор во наставно-научно звање по ставка со реден бр. 6 од стручно-уметнички предмети во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн), во предвидениот рок се пријавиле трјоца кандидати :

- м-р. Никола Ефтимов;
- м-р. Александра Јовановска Хнида;
- м-р. Снежана Чоловиќ.

Врз основа на доставената документација поднесена од страна на кандидатите и врз основа на нивната научна, стручна и педагошка дејност, до Наставно Научен и Уметнички Совет, на Факултет за Дизајн и Мултимедија, при АУЕ ФОН, Рецензентската комисија го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## Биографски податоци и образование на кандидатите

--

**М-р Никола Ефтимов** е роден во Скопје на 06.10.1968 година. Дипломирал во 1993 година на Факултетот за ликовни уметности (графика и модно креирање) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во класата на проф. Костадин Танчев. Никола Ефтимов магистрирал моден дизајн (Модата како уметност, ментор проф. Елена Росони, подоцнежна директорка на ‚Националната пинакотеката на Болоња") на „Академија Италијана" во Фиренца, Република Италија, во 1998 година.

Неговото повеќе децениско искуство опфаќа работа како дизајнер во модната индустрија, дизајн студија, дизајн платформи и интернационални сервиси за модни предвидувања во земјата и странство,

графички дизајнер во адвертајзинг компании и маркетинг одделенија на компании, ликовен уметник, костимограф на театарски претстави, музичко-театарски перформанси, балетски претстави итн., раководител на сопствена фирма за моден дизајн и продажно место и дизајнер на авторски колекции, предавач и директор за настава на „Академија Италијана Скопје“, доцент на факултетот за Арт и дизајн при „Првиот приватен универзитет - Европски универзитет - Република Македонија (ЕУРМ)“ во Скопје, и на Факултетот за мултимедија и дизајн во состав на „Американскиот Универзитет на Европа - ФОН“ во Скопје, и предавач во многу едукативни програми од неформалното образование во соработка со државни и приватни институции од областа на културата и високообразовни институции. Со предавачка дејност се занимавал и во странство. Тој бил ангажиран како предавач на Меѓународниот дизајн институт „Чанапат-Академија Италијана“ во Бангкок и визитинг професор на „Академија Италијана Тајланд“ во Бангкок, Кралство Тајланд.

## НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

- Предавач на Меѓународниот дизајн институт „Чанапат-Академија Италијана“ во Бангкок, Кралство Тајланд, 2005-2006 година
- Предавач и директор за настава на „Академија Италијана Скопје“, 2006-2009 година
- Визитинг професор на „Академија Италијана Тајланд“, Бангкок, Кралство Тајланд, 2007 година
- Доцент на факултетот за Арт и дизајн при „ЕУРМ“ во Скопје, 2009-2011 година
- Доцент од областа на модниот дизајн на Факултетот за мултимедија и дизајн во состав на „Американски Универзитет на Европа - ФОН“ во Скопје, 2017 година
- Предавач во неформалното образование, 1999-2024 година. Актуелни се предавачките ангажмани на Интернационалниот институт за мода „Изет Цури“ (соработката започна во 2018 година)

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Одбрана на магистерски труд „Ексцентричноста и правилата: Екстравагантниот машки костим во последните три века“ - истражувачки проект фокусиран на општествените клучеви по кои се менувале формите на ексцентричната машка облека и додатоци кај припадниците на различни општествени класи и групи, од периодот на владеењето на францускиот крал Луј XIV, до облиците на контрамода во дваесетиот век. Изработката на тезата била под менторство на проф. д-р. Елена Росони, некогашната директорка на „Националната пинакотеката на Болоња“. Во 2009 година ја започнува работата на монографското издание за историја на костимите, наменето за пазарот на САД.

## ПРЕЗЕНТАЦИИ

Гостин со авторска колекција на новогодишната гала ревија на *YUCAN*, МНТ, Скопје, 1992 година

Модна ревија за колекцијата „Принцот кројач“, Музеј на современата уметност, Скопје, 2000 година

Модна ревија за колекцијата „Лезет“, Музеј на современата уметност, Скопје, 2003 година
Дизајн и презентација на три комерцијални колекции за дизајн студиото „Фиа Фиа“, Скопје, 2005

година
*Entangled fragments: ABC of curatorial black,* Национална галерија на Македонија „Мала Станица“, Скопје, 2007 година (моден проект организиран од „Центарот за визуелни истражувања“, „Институт Евро-Балкан“)
Концептуална модна колекција *Anti-depression Chic,* 2009 година

Промоција на брендот *La Sprezzatura,* 2011 година
Презентација на сезонски колекции во рамки на „Модниот Викенд Скопје“, 2011-2014 година
Презентација на сезонски колекции преку продажното место „Никола Ефтимов“, 2014-2016 година
Групна модна ревија „*Made in Macedonia*: Современ дизајн накитен со минатото“, Музеј на Македонија, Скопје, 2017 година

Хуманитарна групна модна ревија организирана од „Мрдни со прст“, МКЦ, Скопје, 2018 годдина
Групна модна ревија „*Made in Macedonia*: Почетоци и еволуција, Музеј на Македонија, Скопје, 2018 година

Групни модни ревии и изложби, Интернационален институт за мода ‚Изет Цури“, Скопје (различни локации), 2019-2024 година

Групна модна аукција организирана од „Конект“ како дел од проектот „Партнерства за донации“ на *USAID*, „Интермецо“ музички бар, Скопје, 2023 година

## МЕЃУНАРОДНИ СОРАБОТКИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ

Групна гала модна ревија за отварањето на саемот за мода во Лајпциг (*Leipziger Moda Mese*), Сојузна Република Германија, 1998 година
Презентација преку модна ревија на победничкиот дизајн на натпреварот организиран од „Кока Кола“ во Фиренца (*Teatro Sachal Firenze*), Република Италија, 2005 година
Дизајнер консултант за *Idear Home Thoughts*, Бангкок, Кралство Тајланд 2005-2006 година
Советник за млади дизјнери на „Ел модната недела Тајланд“ (*Elle Fashion Week Thailand*), Бангкок, Кралство Тајланд, 2005-2006 година
Соработка со интернационалниот сервис за модни предвидувања *Fashion Snoops,* Њујорк, 2009 година
Учество со дизајни на групната модна ревија под наслов *Jazz and Fashion*, организирана од амбасадата на САД во Р. Македонија
Дизајн на колекција со венчални и вечерни фустани за фирмата *Beautiful Love Wedding* од Сингапур, 2016 година

Соработка со дизајн платформите *VIDA*, *Zazzle* и *Redbubble,* 2016-2024 година

Самостојна модна ревија, дел од програмата на *What You See Festival Symposium,* „Хет Хуис“, Утрехт, Кралство Холандија, 2022 година

Групна интернационална изложба на дизајнерски проекти (учество со награден проект), *A' Design Awards and Competition*, Комо, Република Италија, 2024 година .

## АВТОРСКИ КОСТИМОГРАФИИ И ИЗЛОЖБИ

Дизајн на костимите за балетската претстава на Љубомир Бранѓолица „Збогување со Тања“, МНТ, Скопје, 1992 година

Дизајн на костимите за претставата на Д. Јовановиќ „Ослободување на Скопје“, режија Срѓан Јаниќијевиќ, МНТ, Скопје, 2002 година

Дизајн на костимите за претставата на Хенри Адамс „Соседи“, режија Јаниќијевиќ , Албанска драма, Скопје, 2004 година

Дизајн на костимите за музичко-театарскиот перформанс „Пролетна приказна“, композитор Стојан Стојков, Македонска опера и балет, Скопје, 2005 година

Дизајн на костимите, во соработка со неговите студенти од „Академија Италијана Скопје“, за балетот „Големата мајка“, кореографија и режија Јагода Сланева, либрето Ефтим Клетников, музика Оливер Јосифовски, 2007 година

Дизајн на костимите за претставата „Аферата Елсинор“, режија Љубиша Георгиевски, МНТ, Скопје, 2014 година

Дизајн на костимите за претставата „Сината птица“ од Морис Метерлинк, режија Златко Славенски, МНТ, 2014 година

Группа изложба на театраски костими, Музеј на град Скопје (кураторка Јасминка Намичева, дел од интернационалната програма *CreArt*), 2020 година

Дизајн на костимите за балетскиот перформанс (заеднички проект со студентите на Интернационалниот институт за мода ‚Изет Цури“, Скопје) „Доктор Офболи“ на балетското студио „Балерина“, Фестивал на класичен балет и модерен танц, Национална опера и балет, Скопје, 2023 година

## ГРУПНИ ЛИКОВНИ ИЗЛОЖБИ

„Жената како симбол и тема во делата на ликовните уметници“ Галерија „Кочо Рацин“, Скопје, 1994 година

Изложба на графики, „ИНТЕРФЕСТ“, Битола, 1994 година

Двеасета изложба на ДЛУМ, „Цртежи“, Скопје, 1994 година

Изложба на ДЛУМ, „Графика“, Скопје, 1995 година

Дваесет и прва изложба на ДЛУМ, „Цртежи“, Скопје, 1995 година
Триесет и осмо „Златно перо на Белград“ и четврто „Интернационално биенале на илустрација“, Белград, Париз, Скопје, 1996 година

„Македонски цртеж` '96“, Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје, 1997 година
„Интернационално триенале на графичката уметност“, Битола, 1997 година

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Награда за цртеж на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје („Македонски цртеж` '96“), 1997 година
Награда „Дизајнер на годината за 2003 година“, награда од македонските медиуми, Скопје, 2004 година
Победник на модниот натпревар организиран од „Кока Кола“, модна ревија, Хотел „Александар-Палас“, Скопје, 2005 година
Избор за предавач на годината на одделот за мода на Интернационалниот дизајн институт „Чанапат-Академија Италијана“, Бангкок, Кралство Тајланд, 2006 година

Признание за учество во добротворна модна аукција организирана од „Конект“ и *USAID*, Скопје, 2023 година

Награда за илустрацијата „Буки“, (категорија на дигитална уметност), *A' Design Awards and Competition*, Комо и Милано, Република Италија, 2024 година

## КУРСЕВИ, СЕМИНАРИ И РАБОТИЛНИЦИ

Работилници за моден дизајн и серија предавања на теми од историјата на костимите и историјата на модата, Музеј на современата уметност, Скопје, 2001 година

Едногодишен курс „Вовед во модниот дизајн“, Културен центар „Точка“, Скопје, 2004-2005 година

Модни работилници, *Blue Sky*, Британски совет, Крушево, 2005-2006 година

Семинар за студентите на моден дизајн, „Природата на дизајнот“, „Академија Италијана Бангкок“, Кралство Тајланд, 2007 година

Предавање за модните категории и италијанскиот модел за воспоставување на автентичен дизајнерски производ, Универзитет „Евро-Балкан“, Скопје, 2012 година

Предавање за ненасилна мода, „Вегефест“ организиран од Анима Мунди, МКЦ, 2016 година

## СИМПОЗИУМИ И АКАДЕМСКИ КОНФЕРЕНЦИИ

Претставник на Р. С. Македонија на *The 3rd Central and Eastern European Countries and China Cultural and Creative Industries Forum "Creative Revitalization"*, Лоѓ и Катовице, Република Полска, 2018 година

--

**М-р. Александра Јовановска Хнида** е родена на 18 мај 1987 година во Тетово, Р. Македонија., По завршувањето Д.С.У.П.У Лазар Личеноски, Скопје**,** обликување на  текстил и облека 2006.година, запишува Accademia Italiana, Скопје. Каде се стекнува со звање дипломиран моден дизајнер, во 2009.година, со просечна оценка 99А. Постдипломските студии, циклус 3+2, арт и дизајн, моден дизајн, со просена оценка 9,93, ги завршува на Европски Универзитет, Скопје.

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

**2011**- *CAD* оператор во *Macedonian Garment Industry*

**2012-** моден дизајнер во *"Renovelur"*, Тетово,

**2012-** главен моден илустратор и асистент моден дизајнер за модниот дизајнер Никола Ефтимов во Скопје

**2012 –2014** задолжена за специјализираната продавница за дизајнерска облека "Никола Ефтимов"

**2015** - избрана за Помлад асистент на Европскиот Универзитет Република Македонија – Скопје, на Факултетот за арт и дизјан

**2016** - назначена е како ментор за група моден дизајн во неформално образовната институција Џолев и Уметностите

**2017**- предавач е во "Сеавус Едукакативен и Развоен центар" на Академија за моден дизајн (Џолев и Уметностите) за предметите модна илустрација и дигитална модна илустрација

**2018** - избрана за Асистент на Факултетот за арт и дизајн по група предмети од областа на дизајнот

**2018** – избрана за Доцент на  Европскиот Универзитет Република Македонија – Скопје, на Факултетот за арт и дизјан во областа моден дизајн

**2019** – работи како доцент на ФОН Универзитет, Факултет за дизајн и мултимедија, во областа на моден дизајн

**2022** - предавач во "International Fashion Institute "Izet Curi" за предметот модна илустрација

**ПРАКТИЧНИ ИСКУСТВА**

**2024 –** групна модна изложба *Hommage a Thierry Mugler* во галеријата *La Maison de l'Albanie* во Париз

**2024 –** групна изложба со дело "Автопортрет", илустрација - комбинирана техника, 100x100 цм, со Здружение на ликовни уметници на град Тетово

**2023 -** самостојна модна изложба *21 грам глаголица,* женска и машка колекција

**2023 –** самостојна модна изложба *Future factory,* детска колекција

**2023** – учество на групна модна ревија *Hommage a Thierry Mugler*

**2023 –** сценска детска облека на детски фестивал Златно славејче - Скопје.

**2021** – авторска модна колекција со наслов *Tsarina,* моден едиторијал презентиран виртуелно

**2020** – модна инсталација *Создавањето на жената: Galaksija 1*, групна изложба со Здружение на ликовни уметници на град Тетово

**2020 -** модна инсталација *Идентитет*, групна изложба со Здружение на ликовни уметници на град Тетово

**2019 –** моден дизајнер на машка облека наменета за водител за Film Beach festival 2019, Охрид

**2019 –** модна изложба Ретекс Архисегмент, тимски проект со Екатерина Намичева, Младински културен центар, Скопје Креатива 2019

**2018 –** интерактивна тимска изложба со Екатерина Намичева, Т-АРХ во НУ Музеј на тетовскиот крај - Тетово

**2018 –** самостојна модна ревија на Моден викенд, Скопје, со наслов АРХЕТИП

**2018 –** костимографија за краткометражен македонски филм од Славчо Максимовски „Лузна"

**2018** – учество на Fashion & lifrstyle Expo, дел од перформасот на тимот од Фризерска секција, Скопје

**2018 –** ментор на работилница ReTex, второ издание (изработка на рециклиран текстилен материјал аплициран на столици), Музеј на град Скопје

**2018 –** изложба на дизајн на облека „Во името на фалусот и срцето, јас сум човек", Младинскки културен центар, дел од програмата на Скопје креатива 2018

**2018 –** ментор на работилница ReTex (изработка на рециклиран текстилен материјал аплициран на столици), Музеј на град Скопје, меѓународен проект дел од CreArt

**2017 –** изложба за дизајн за работни униформи во угостителски објект „Хероите од Мамболенд" во Tree House (кафуле), Тетово

**2017** – графички дизајн за дизајн на текстил како соработник во проектот „Чеиз" од Јана Менева – Чупоска, Галерија Остен

**2017 –** детска модна колекција со наслов „Јас сум Закоски, Василиј Закоски", презентирана на детски фестивал Јаболчиња – Тетово.

**2017 –** модна изложба на детска колекција со наслов УРСУС (тимски проект со Маја Ѓуреска) во МОБ како дел од програмата на детскиот фестивал ФЕНЕР.

**2017 –** Учество на Скопје креатива со тимски проект Природата нè повикува, 3Д улична слика во Градски парк – Скопје.

**2017 –** самостојна модна изложба во Уметничка Галерија, Тетово со наслов Мажот со тетоважа квадрат.

**2016 -** групна изложба Патувања, куратор Маја Кироска, Национална галерија на Македонија, објект Мала станица. Претставена беше инсталација со наслов *Улицата.*

**2016 –** модна изложба Создавањето на жената: Галаксија 1. Презентирана на Скопје креатива 2016, Плаја Виста

**2016 –** учество во проект Дизајн пракса-соработка на ЕУРМ, Јавна соба и Еразмус +

**2016**- групна изложба Колектив, изложена слика акрил на платно и сликана столица (акрил и лак)

**2016 -** Serbia Fashion Week, Нови Сад, групна модна ревија на регионално ниво на тема Pop Heroes, стилист: Срѓан Швељо.

**2015 –** соработник во проект од Јана Манева – Чупоска, МК Tradición – New Концепт, Јавна соба, Скопје

**2015 –** Serbia Fashion Week, Нови Сад, групна модна ревија на регионално ниво на тема Heroes, стилист: Срѓан Швељо.

**2015 –** моден викенд есен/зима 2016, Скопје. Презентација на модна изложба на тема Свадбени приказни ( Модата и културното наследство ) со авторска мини колекција за мажи – Фиктивен младоженец. Проект во соработка со Британски совет, Европски универзитет и Музеј на Македонија.

**2015 –** изложба на дигитални модни илустрации "Актерија", НУ Центар за култура Кочо Рацин-Кичево

**2015 –** самостојна модна ревија на БАФЕ, Белград. Претставување со седум машки модни изгледи

**2015** – работолница Модата како уметност, Британски совет Македонија и Лондон

**2015 –** учество на групна изложба на Моден викенд – Скопје, пролет/лето 2015, тимски проект "Забавено вчитување" со Доц.м-р Христијан Санев, мини колекција на рачно сликани маици

**2014 –** учество на натпреват за илустрација YIA – 2014/15, влез во полуфинале

**2014-** рачно сликање на илустраторски прикази на текстил за женската колекција есен/зима 2014-15 на Никола Ефтимов, Dame Electra (adieu to duality)

**2014-** изложба со тема „Модата во 20-тиот век во Република Македонија" во домот на културата „Иљо Антески-Смок"

**2014 –** рачно сликање на детали за костимографијата во изработка на Никола Ефтимов за претставата „Аферата Елсинор" во режија на Љубиша Георгиевски

**2014 –** групна модна изложба "Графизам", Музеј на град Виница, поддржано од Министерството за култура на РМ, а помагатели Општина Виница и Европски универзитет - Скопје

**2013 -** асистент дизајнер за модниот перформанс за колекција пролет/лето 2013, "Being Nikola Eftimov" на Никола Ефтимов и учество на Fashion weekend Skopje (2013)

**2013**- асистент дизајнер и главен моден илустратор во едиторијалот за машка колекција "A Kept Man" на Никола Ефтимов

**2012 -** асистент дизајнер и главен моден илустратор во едиторијалот за женската колекција "Les Dames de Qualité" есен/зима 2012/13 на Никола Ефтимов

**2012 -** асистент дизајнер и главен моден илустратор во едиторијалот "My Own Private Shangri-La,Post-industrial Couture" на Никола Ефтимов, машка и женска колекција, есен/зима 2012-2013

**2012** - асистент дизајнер за линијата "Grey Line" , колекција пролет/лето 2012, "Hong Kong Express" на Никола Ефтимов и учество на Fashion weekend Skopje (2012)

**2011** - асистент дизајнер за линијата “Queen of Republic” на Никола Ефтимов и учество на Fashion weekend Skopje ( 2011 )

**2010/2011** - соработка со македонската r’n’b пејачка, Магдалена Цветковска (изработка на облека за видео записи и јавни настапи)

**2010** - Fashion weekend, Скопје, како постдипломец на Европски Универзитет-Скопје, два женски модни изгледи

**2010** - изложба Fashion weekend, Скопје, како постдипломец на Европски Универзитет-Скопје, модни илустрации

**2010** - учество во фокус група, невладина организација IRZ, дебата на тема: Потребите на младите во Тетово

**2009** - соработка со м-р Никола Ефтимов, илустратор на историски костими за книга по историја на костим

**2009/2010** - практикант во А.Д ТЕТЕКС, Тетово, дизајнерски одел

**2009** - модна ревија во Фиренца и Скопје, Accademia Italiana, мини колекција од пет модни изгледи

**2009** - изложба во Скопје, Accademia Italiana, модни илустрации, еден моден изглед и две мини колекции на модни додатоци

**2009** - групна работа со студенти, изработка на модни изгледи на клиенти учесници во тв емисија “Поинакви”

**2008** - модна ревија во Фиренца, Accademia Italiana, еден женски моден изглед од категорија-висока мода

**2008** - модна ревија во Скопје, Accademia Italiana, еден женски моден изглед од категорија-висока мода и мини машка колекција од категорија *prêt-à-porter*

**2008** - изложба во Скопје, Accademia Italiana, модни илустрации, илустрации на историски костими и трансформација на ракав

**2008** - практикант во конфекција *Di Simone*-Тетово, конструкција на шаблони, кроење и шиење

**2007** - изложба во Скопје, Accademia Italiana, модни илустрации, експериментална модна инсталација и групна работа на трансформација на шаблони

**2007** - изложба во Скопје, денови на Италјанската амбасада, илустрации-ретроспектива на костими за капење

**2007** - модна ревија во Скопје, денови на Италјанската амбасада, два историски женски костими за капење и два современи костими за капење (женски и машки)

**2006** - изложба во Скопје, Д.С.У.П.У Лазар Личеноски

**2005** - интерактивна работилница *Artistic potential in us,Forum syd,* спонзорирано од *OSCE* и подржано од Општина Тетово.

**ТРУДОВИ**

**2018 –** Научен труд „Вештачката интелигенција во дизајнот на паметната облека – паметни чорапи“, Осма меѓународна научна кофенерција „Вештачка интелигенција – предизвик на дигиталната ера“,Европски Универзитет – Скопје

**2017 -** Научен труд „Еко облека *VS* дизајнирана облека и циркуларната економија“, Седма меѓународна научна конференција “Современи аспекти на циркуларнара економија“, Европски Универзитет – Скопје

**2015 –** Човечкото тело – предизвик за создавање на современа модна илустрација, Петта меѓународна научна конференција Нови простори во науката и уметноста, ЕУРМ, Скопје

**2015** – Цртежот како автореферентен израз создаден во современ концептуален формат, Петта меѓународна научна конференција Нови простори во науката и уметноста, ЕУРМ, Скопје

**2015 –** Хип-хопот (како контрамодна појава) и идентитетот во Република Македонија, трета годишна меѓународна конференција Култура и идентитет, Скопје

**2013 -** Актот и еротиката во сликарското творештво од XIX и раниот XX век – предизвик за создавање на современа модна илустрација, магистерска теза, ментор:Вон.проф. м-р Стојанка Манева – Чупоска

**2012** - Печатените маици како средство на самоизразување кај машките лица во Тетово

**2010** - Модата од дваесеттите до осумдесеттите години на XX век во Република Македонија

**2009** - Хип хопот како контрамодна појава во Република Македонија, дипломска теза-ментор Никола Ефтимов

**ПРИЗНАНИЈА**

**2007/2009** - студент на генерација, Accademia Italiana

Прилог - **Референтна листа** е приложена електонски, на USB.

--

**М-р. Снежана Чоловиќ** е родена на 01.01.1971. Средно образовине завршува 1989.година, во УСО Раде Јовчевски – Корчагин, Струка математика-информатика.

Со дипломски труд “Естетиката на движењето Баухаус како инспирација во модниот дизајн”, стекнува звање *Дипломиран дизајнер од областа моден дизајн ,* просечна оцена 9,81, со 240 кредити, се стекнува 2022.година, на Американски универзитет на Европа – ФОН (АУЕ –ФОН).

2023. Година станува *Магистер на уметности од областа моден дизајн ,* просечна оцена 10, број на кредити: 60, на Американски универзитет на Европа – ФОН (АУЕ – ФОН), со теза “Од уметност до мода: студија за влијанието на Василиј Кандински врз модниот дизајн”.

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

[2019 - тековно] Американски универзитет на Европа – ФОН (АУЕ – ФОН)

*Технички соработник од областа на модниот дизајн (администрација)*

Работни обврски : Следење на активностите за време на предавањата, примери за тековни вежби, Одржување консултации за тековните вежби, Техничка изработка на модни парчиња и модни додатоци во соработка со студентите

[2001 - 2016] Дани текс ДООЕЛ, Скопје

*Техничка изработка на модни парчиња (Кројач)*

[1994 - 1997] ППТУ Бурда – Самостојно модно ателје, Скопје

(сопствен бренд од областа на модата)

[1997 - 2024] Хонорарна работа во областа на костимографија и мода со реномирани модни дизајнери од Македонија и регионот поврзани со : изработка на костими за театарски, балетски, оперски и модни претстави, како и за приватни клиенти брендови и бутици.

[1991 - 1993] Бутик Рива, Скопје, со работни обврски поврзани со : Кроење на машки и женски костими и Техничка изработка на машки и женски костими.

**СЕРТИФИКАТИ**

[2024] *Сертификат за дигитална мода*

"VStitcher 101" - Browzwear University

[2024] *Сертификат за дигитална мода*

"Introduction to Digital Fashion" - Seamless Digital Fashion

[2018] *Сертификат за кроење и шиење*

Приватна образовна установа, Отворен Граѓански универзитет за доживотно учење Ванчо Прќе – Штип

**ПУБЛИКУВАНИ ТРУДОВИ**

[2023] Академија ЕДУ (портал за научни трудови)

“Анализа на За духовното во уметноста од Василиј Кандински”

Линк: rb.gy/y0rext

[2023] Академија ЕДУ (портал за научни трудови)

“Естетиката на движењето Баухаус како инспирација во модниот дизајн”

Линк:rb.gy/l0wq6y

[2023] Акедимија ЕДУ (портал за научни трудови)

“Од уметност до мода - студија за влијанието на Василиј Кандински врз модниот дизајн”

Линк: rb.gy/uslztd

**ИЗРАБОТКА НА КОСТИМИ ЗА ТЕАТАР, ОПЕРА, БАЛЕТ и приватни клиенти**

“Жени на работ на нервен слом”, Театар Комедија

“Макбет”, Театар Куманово

Изработка на тоги за АУЕ-ФОН Универзитет

[ 2018 ]

Здружение на уметници Културен центар Артес

“Партија реми”, Драмски театар Скопје

“Пиреј”, Прилепски театар

“Боеми”, МОБ

“Мајски оперски вечери”, МОБ

“Смртта на Дантон”, Албански театар Скопје

“Оревокршачка”, МОБ

“Поштенска банка”, Театар за деца Чаир Скопје

“Мизантроп”, Театар Комедија Скопје

“Еден месец на село”, МНТ Скопје

“Фестен”, Драмски театар Скопје

“Ана Каренина”, МОБ

[ 2017 ]

“Атена со пенис”, Драмски театар Скопје

“Интрига и љубов”, Театар Куманово

“Вера, љубов, надеж”, Драмски театар Скопје

“Лет над кукавичко гнездо”, Драмски театар Скопје

“Како да се ограби банка”, Драмски театар Скопје

[ 2016 ]

“Венецијански трговец”, Драмски театар Скопје

**ИЗЛОЖБИ / ПРОЕКТИ**

[ 06/2024 ] “Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, Дом на АРМ (Групно излагање и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

[ 06/2024 ] “Професори и студенти”, МКЦ (Асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

[ 06/2023 ] “Професори и студенти”, МКЦ (Асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

[ 06/2023 ] “Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, Дом на АРМ (Групно излагање и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

[ 06/2022 ] “Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, Дом на АРМ (Групно излагање и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

[ 2022 ] Skopje Fashion Week (Групно излагање)

[ 2022 ] Skopje Fashion Week (Асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

[ 06/2021 ] “Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, online (Групно излагање и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

[ 2019 ] “Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, МКС (Групно излагање и асистенција во изработка на студентски модни парчиња).

## ЗАКЛУЧОК

По увидот во портфолијата и наведените референци на пријавените кандидати, а согласно Законот за високо образование, и Правилникот за посебни услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот Универзитет на Европа ФОН Скопје, за избор во наставно научни и уметнички звања, комисијата во состав на проф. м-р. Александар Рашковиќ – председател; проф. м-р. Маја Ѓуровска – член; проф. м-р. Милош Милосављевиќ – член, го констатира  следното:

1. **м-р Никола Ефтимов** е исклкучително активен и реномиран автор во областите на модниот дизајн и продукт дизајн.

Покрај дизајнирањет на авторски колекции, Ефтимов бил предавач и директор за настава на „Академија Италијана Скопје“,  доцент на факултетот за Арт и дизајн при „Првиот приватен универзитет - Европски универзитет - Република Македонија (ЕУРМ)“ во Скопје и на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на „Американскиот Универзитет на Европа - ФОН“ во Скопје, и предавач во многу едукативни програми од неформалното образование во соработка со државни и приватни институции од областа на културата и високообразовни институции. Со наставна дејност се занимавал и во странство.

Активностите од послетните пет години кои комисијата ги земала предвид при нгирање на овој кандидат се : Групни модни ревии и изложби, Интернационален институт за мода ‚Изет Цури“, Скопје (различни локации), 2019-2024 година, Групна модна аукција организирана од „Конект“ како дел од

проектот „Партнерства за донации“ на *USAID*, „Интермецо“ музички бар, Скопје, 2023 година, Соработка со дизајн платформите *VIDA*, *Zazzle* и *Redbubble,* 2016-2024 година, Самостојна модна ревија, дел од програмата на *What You See Festival Symposium,* „Хет Хуис“, Утрехт, Кралство Холандија, 2022 година. Групна интернационална изложба на дизајнерски проекти (учество со награден проект), *A' Design Awards and Competition*, Комо, Република Италија, 2024 година, Группа изложба на театраски костими, Музеј на град Скопје (кураторка Јасминка Намичева, дел од интернационалната програма *CreArt*), 2020 година, Дизајн на костимите за балетскиот перформанс (заеднички проект со студентите на Интернационалниот институт за мода ‚Изет Цури“, Скопје) „Доктор Офболи“ на балетското студио „Балерина“, Фестивал на класичен балет и модерен танц, Национална опера и балет, Скопје, 2023 година.

Награда за цртеж на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје („Македонски цртеж` '96“), 1997 година, Награда „Дизајнер на годината за 2003 година“, награда од македонските медиуми, Скопје, 2004 година Победник на модниот натпревар организиран од „Кока Кола“, модна ревија, Хотел „Александар-Палас“, Скопје, 2005 година, ја уотполнуват сликата за Ефтимов како автор, додека Признанието за учество во добротворна модна аукција организирана од „Конект“ и *USAID*, Скопје, 2023 година, како и Награда за илустрацијата „Буки“, (категорија на дигитална уметност), *A' Design Awards and Competition*, Комо и Милано, Република Италија, 2024 година, компоненти кои Конисијата става акцент при

--

2. Кандидатката **м-р. Александра Јовановска Хнида** од почетокот на студиите по моден дизајн стекнува практично искуство преку учество во реализација на модни колекции на реномирани европски дизајнери и дизајнирање костими за телевизиски емисии. Во текот на студиите се здобива со дополнителни знаења во областа на дизајн на модни додатоци за време на семестрални престои на други универзитети и пракси.

Универзитеската кариjера ја започнува 2015.година, кога е избрана за Помлад асистент на Европскиот Универзитет Република Македонија – Скопје, на Факултетот за арт и дизјан, а следната година е назначена е како ментор за група моден дизајн во неформално образовната институција Џолев и Уметностите. 2017 станува предавач е во "Сеавус Едукакативен и Развоен центар" на Академија за моден дизајн (Џолев и Уметностите) за предметите модна илустрација и дигитална модна илустрација, додека следната година е избрана за Асистент на Факултетот за арт и дизајн по група предмети од областа на дизајнот. **2018**.година е избрана за Доцент на Европскиот Универзитет Република Македонија – Скопје, на Факултетот за арт и дизјан од областа моден дизајн, а од следната година работи на ФОН Универзитет, Факултет за дизајн и мултимедија, како доцент од област на модниот дизајн. **2022.**година станува предавач во "International Fashion Institute “Izet Curi” за предметот модна илустрација

Покрај сите детално горенаведени каратеристики на кандидатката Александра Јовановска Хнида, Комисијата става акцент на : Групна модна изложба *Hommage a Thierry Mugler* во галеријата *La Maison de l’Albanie* во Париз, реализирана во 2024.година; потоа Изложбата со дело "Автопортрет", илустрација - комбинирана техника, 100x100 цм, реализирана истата година со Здружението на ликовни уметници на град Тетово; потоа - Самостојна модна изложба *21 грам глаголица,* женска и машка колекција, Самостојна модна изложба *Future factory,* детска колекција, Учеството на групна модна ревија *Hommage a Thierry Mugler,* како и Сценска детска облека на детски фестивал Златно

славејче – Скопје, од 2023.година; потоа Авторска модна колекција со наслов *Tsarina,* моден едиторијал презентиран виртуелно во 2021; Модна инсталација *Создавањето на жената: Galaksija 1*, групна изложба со Здружение на ликовни уметници на град Тетово и Модна инсталација *Идентитет*, групна изложба со Здружение на ликовни уметници на град Тетово во 2020; како и дизајнирање на машка облека наменета за водител за Film Beach festival 2019 во Охрид, и модна изложба Ретекс Архисегмент, тимски проект со Екатерина Намичева, Младински културен центар, Скопје Креатива 2019.

--

3. Врз основа на увид во документацијата приложена од страна на кандидатката **м-р. Снежана Чоловиќ**, комисијата констатира дека студентските изложби (каде изложените апликативни решенија се работени под определено менторство). не се квалификуваат како авторски, и како такви не се пресметуваат како релевантни изложувања според Правилникот за избор, Исто така, комисијата не може да ги бодува изведбите на костими за Театар во наведените претстави, од причина што кадидатката не е автор на оригинален дизајн, туку изведувач на истите. Публикуваните трудови исто така, не можат да бидат бодувани, од причина што наведениот Портал „Академија ЕДУ“, не е релевантно научно списание, поради тоа што не поседува Научен или Уметнички одбор за селекција и рецензија на истите.

Комисијата констатира дека кадидатката **м-р. Снежана Чоловиќ**, согласно Правилникотза посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на АУЕ ФОН (член 10), не ги исполнува условите за избор ви наставно – научно и уметничко звање.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовнате, научно - истражувачката и стручно-уметничката апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот м-р Никола Ефтимов, како најдоброрангиран, како и на кандидатката м-р. Александра Јовановска Хнида, како второрангирана.

Комисијата заклучи дека **м-р Никола Ефтимов** поседува научни уметнички и стручни квалитети, и ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **вонреден професор** во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн). согласно Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на АУЕ ФОН (член 10), каде е наведено дека „За **вонреден професор** може да биде избрано лице кое исполнува минимум 7 референци од наведената листа од 3 различни категории.“

Исто така, Комисијата заклучи дека кандидатката **м-р Александра Јовановска Хнида**, поседува научни уметнички и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **вонреден професор** во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн), согласно Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на АУЕ ФОН (член 10), каде е наведено дека „За **вонреден професор** може да биде избрано лице кое исполнува минимум 7 референци од наведената листа од 3 различни категории.“

Согласно гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје, **м-р Никола Ефтимов и м-р. Александра Јовановска Хнида**, да бидат избрани во звање **вонреден професор** во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. м-р. Александар Рашковиќ - председател

проф. м-р. Маја Ѓуреска – член

проф. м-р. Милош Милосављевиќ - член

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА 6.04.00.02- ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН И 6.04.00.08- ДРУГО (МОДЕН ДИЗАЈН), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Американски универзитет на Европа - ФОН објавен на 05.09.24 за избор во насловно наставно-научно звање по стручно- уметнички предмети во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн) , и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. м-р. Маја Ѓуровска – председател; доц. м-р. Емилија Славкова – член; доц. м-р. Марк Јанура – член. На објавениот конкурс за избор во насловно наставно-научно звање по ставка со реден бр. 8 од стручно- уметнички предмети во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн), во предвидениот рок се пријавила една кандидатка, м-р Росица Мршиќ.

Врз основа на доставената документација поднесена од страна на кандидатката и врз основа на нејзината научна, стручна и педагошка дејност Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## Биографски податоци и образование

Росица Мршиќ родена е во 1981 година во Скопје, Р. Македонија.

Во 2000 година завршува средно образование на Меѓународна Диплома Програма, Скопје, Македонија.

Во 2004 дипломирала на Академија за визуелни уметности и дизајн, Fashion Design BA, Утрехт, Холандија. Во 2021 магистрирала на насока Вузуелни уметности на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, со истражување на тема Креативен процес на дизајнот: Случај од пракса на создавање модна сезонска колекција.

## Стручно-уметничка дејност

Во продолжение се презентирани активностите на м-р Росица Мршиќ во последните неколку години.

**1. Јавно изложување на уметнички/дизајн дела и проекти на самостојни изложби и манифестации**:

- Самостојна презентација на модна колекција 'POESY IN SHAPE' пролет/ лето 2024 во концептуална дизајнерска платформа Иван Асен 22, Софија, Бугарија, 2024.
- Учество на моден настан како интернационален гостин дизајнер, претставник на Македонија, со сопствена модна ревија во Крајова, Романија, септември 2021.
- Модна колекција за есен-зима 2020 презентирана дигитално и во своето студио, 2020.
- Модна колекција за пролет-лето 2020 презентирана дигитално и во своето студио, 2020.
- Учество на интернационален моден шоурум со презентација на сопствена колекција за модни дизајнери 'United fashion' организиран од Моден Викенд Скопје, 2019.
- Ииндивидуална модна ревија за презентација на пролет-лето 2018 колекција, одржана во Public Room, Скопје, 2018.

**1. Јавно изложување на уметнички/дизајн дела и проекти на групни изложби и манифестации:**

- Учество во колективна модна презентација на модна сезона есен/ зима 2023 со сопствена колекција 'Retrophiliac' во концептуална дизајнерска платформа Иван Асен 22, Софија, Бугарија, 2023.
- Учество на заеднички моден настан и сопствена ревија на Expo30 со сопствена модна колекција, по повод 30 годишнина од независноста на Македонија и од модната сцена, одржан во Музејот на Современа уметност, Скопје, 2021.
- Учество во колективна модна презентација на модна сезона пролет/ лето 2021 со сопствена колекција 'Dreamy passage' во концептуална дизајнерска платформа Иван Асен 22, Софија, Бугарија, 2021
- Учество и изложба на "Hiyoku" колекцијата на Month of Design, BIG SEE Fashion Design Awards, Љубљана, Словенија, 2019.
- Учество на United Fashion SEE Showroom  со пролет-лето 2019 модната колекција, помеѓу селекција од други модни дизајнери од ЕУ, 2019.

- Презентација на модна колекција на моден настан “Made in Macedonia: Origins and Evolution”, организиран од Macedonia Welcome Centre и Француската Амбасада во Македонија, 2018.
- Учество на Serbia Fashion week како интернационален гостин на моден настан во Нови Сад, Србија, 2014.

**2. Реализација на уметничко/дизајн дело или проект:**

- Дизајн на колекција на модни додатоци ‘HERITAGE’ во соработка со платформата за етички дизајн Еснаф, инспирирани од македонското културно наследство и рачно изработени со локални традиционални занаетчиски техники, од лица од ранливи категории, 2023.
- Дизајн на колекција на модни додатоци и додатоци за домот, инспирирани од традиционалните техники на рачно изработени производи од рурални средини во Македонија, во рамки на ЕУ проектот за еманципација на жени од рурални средини и превенција од малолетни бракови, 2015.

**3. Учество во работата на жири комисии на домашни или странски изложби, конкурси и манифестации:**

- Учество во работа на панел жири комисија за избор на победник за моден дизајн на ‘Open call for young designers’ , организиран од Трето Уво агенција во Скопје, Македонија (во прилог доставувам печатена верзија од отворениот повик),2021
- Учество во работа на панел жири комисија за избор на победник на Модниот натпревар за одржлива мода организиран од Британската Амбасада во Скопје, 2021.

**4. Награди и признанија за уметничко/дизајн дело или проект во земјата или во странство:**

- Награда и изложба на “Hiyoku” колекцијата на BIG SEE Fashion Design Awards, Љубљана, Словенија за победник во категоријата “Wearable Art” за 2019 година.
- ‘Best Dress of the 21st century’ Moda Aesthetics платформа Амстердам, Холандија, 2016.
- Награда за најдобра модна колекција презентирана на FWSK, Скопје, есен-зима 2013, организирана од Stylist.mk, 2013.
- Continental Winner 2013 за Европа и Русија и добитник на специјална награда на светско ниво од фанови на 9тото издание на Бугарски Модни Награди EIRENE, 2013.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на увид во портфолиото и наведените референци, комисијата во состав на проф. м-р. Маја Ѓуровска – председател; доц. м-р. Емилија Славкова – член; доц. м-р. Марк Јанура – член, констатира дека м-р Росица Мршиќ ги исполнува репрезентативните референци согласно Законот за високо образование и правилникот за избор во наставно-научно звање на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје.

М-р Росица Мршиќ е исклкучително активна авторка во областите на модниот дизајн и продукт дизајн.

Уште од почетокот на студиите по моден дизајн таа стекнува практично искуство преку учество во реализација на модни колекции на реномирани европски дизајнери и дизајнирање костими за телевизиски емисии. Во текот на студиите таа се здобива со дополнителни знаења во областа на дизајн на модни додатоци за време на семестрални престои на други универзитети и пракси.

По завршување на студиите својата кариера ја започнува како дизајнер во македонски текстилни брендови и производители, а веќе по пет години од дипломирањето таа основа моден бренд под свое име. Росица Мршиќ е еден од ретките македонски етички и одржливи брендови кој редовно во текот на своето постоење нуди две сезонски колекции на женска облека годишно, кои ги презентира на домашниот и на странски пазари.

Но, освен во развој на својот бренд, М-р Росица Мршиќ е вклучена во дизајнирање на производи (чорапи, чевли, чанти, колани, костими за капење и други модни додатоци) за македонски и странски брендови/ производители, соработува и ги поддржува локалните занаетчии во рамки на проекти за развој на креативно занаетчиство и зачувување на традицијата. Таа учествува и е наградувана на неколку меѓународни натпревари за моден дизајн.

Таа го дополнува своето дизајнерско образование со студиите на визуелни уметности кои ги завршува со спроведување истражување на тема Креативен процес на дизајнот: Случај од пракса на создавање модна сезонска колекција, користејќи го методот на истражување врз основа на пракса и со тоа придонесува за унапредување на можноста практичарите да придонесуваат за постојан развој на модата како дисциплина.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-уметничката апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Росица Мршиќ.

Комисијата заклучи дека м-р Росица Мршиќ поседува научни уметнички и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето насловен доцент во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн).

Согласно гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да и предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН Скопје, м-р Росица Мршиќ да биде избрана во звањето насловен доцент во областа 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 - Друго (Моден дизајн).

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. м-р. Маја Ѓуровска - председател
доц. м-р. Емилија Славкова – член

доц. м-р. Марк Јанура - член